UDK: 911.373.9(497.751)

THE UNKNOWN VILLAGE OF BROD IN DOLNI POLOG

Ilija PETRUŠEVSKI
Bachelor in geography (retired)

INTRODUCTION

The word `brod` in the Old Slavic language signified a road crossing through mountains or a pass, from one side of the mountain to the other, or a path leading over a river via bridge. The bridge was called a `brod` (a boat; Stankovska, 1997). Such is the case with the bridge over the river Vardar near the village of Želino. It is mentioned in the Htetovo donation certificate (gramot), certifying that the village Mlačice was given as a present by the "Old Želino Ship" ("Старога желинског брода") with the meadows up to the inflow of Htetovica - Tetovo River in Velika – Vardar (Selishchev, 1929). This is also the case with the name of Slavonski Brod, where the bridge over the river Sava can be found. The Turks also called the settlements by the river bridges Kjupruli - Veles from Kjupruli Bridge or Kjuprija in Serbia. Crossings through mountains were named Brod or Brodec. If a village was to be found in such places, it was called Brod (a boat) or in the demineral Brodec after the bridge or crossing.

ABOUT THE VILLAGE OF BROD

There are two such settlements in Polog today located high on Šar Planina mountain. One is in Tetovo and the other in Gostivar. Also, the passage from the Kichevo valley to Poreče, i.e the town located there is called Brod - Makedonski Brod.

A village by the name of `brod` in Polog is mentioned in the Dušan Gretto Grammar of 1343 as a village and in the Hiland Grammar of 1348 as a Brod village. With the first donation certificate (gramot) the village was donated to the St. Bogorodica monastery, and with the second `gramot` to the Hilandar monastery. The content of the certificate is as follows:

"The Brod Settlement is hereby given as a gift including the river and the hunting ground to its entrance in Vardar. No one has the right to make cuts, to take water for extraction, to make mills unless the church allows it or to gives up its right" (Selishchev, 1929).

Based on this record and the record of the village of Mlačice, mentioning the Old Brod-bridge, Selishchev calls the nameless river that comes up when Htetovchica when the village of Mlachice is mentioned, thinking it is the same river and that the village Brod is located here on the river Htetovchica.

The second search regarding Brod was made by Gruikj (1933). He, like Selishchev, locates the village of Brod somewhere near Pena`s entrance into Vardar. However, his assumption, as well as that of Selishchev, is not viable and is without any evidence. Second, Gruikj makes a mistake by calling the River Stetovica - Pena Bistrica, a name never previously mentioned.

While researching the villages in Polog, Trifunoski, identifies the village of Brodec with the village of Brod mentioned in the Dusan document, thinking that it is the same village. Based on Gruic`s assumptions, he calls the Tetovo River Pena Tetovo Bistrica (Trifunovski, 1976).

Slaveva (1980) and Stankovska (1997) believe that this Brodec refers to Brodec, mentioned in Dushan's certificate of donation (gramot). Slaveva does not accept Selishev and Gruikj`s assumptions because they are not based on solid evidence and facts. She gives her opinion which coincides with Trifunoski's opinion, not only about the village but she also takes the wrong name for the Tetovo river Pena, calling it Bistrica. Second, she identifies the nameless river from the donation certificate (gramot) that passes through the area of the village of Brod with the Tetovo River Pena. However, Slaveva's conclusion cannot be accepted as correct for several reasons.

Namely, the Htetovo donation certificate (gramot) says that fishing is prohibited on the river that flows through the whole area of the village of Brod. Also, water mills and irrigation cuts are not to be made. Starting from this, the Tetovo River - Pena from the village Brodec, until it enters Vardar, passes through several rural areas and even the city of Tetovo, so this village cannot be identified with the medieval village of Brod. Second, the river with its riverbed can be divided into the upper and lower flow. In the upper stream that starts high on Šar Planina, all the way to Tetovo, the river with its riverbed cuts deeply through the slope of Šar Planina. The area of this part is mountainous, with forests and meadows that do not need irrigation and cuttings. The lower flow starts from Tetovo and extends until it enters Vardar. In this part of the area, some fields and meadows need irrigation, and the river in this part has a large amount of water. The grammar record - prohibiting fishing and making cuts and mills, in this case, refers to another unknown river. To support this, we have the Tetovo River Pena, which flows into Vardar, in the areas of the villages Fališe and Sarakino, and not in the area of the village Brod.

Third, when mentioning the village of Leskoviani, the Tetovo ridge is also mentioned - a stream of water taken from the Tetovo River, when the `gramot` clearly states that no one is allowed to cut and take water. Now we see again that the ban does not apply to the Tetovo River Pena.

Based on the above, it is concluded that the river mentioned in the `gramot` does not refer to the Tetovo River, but to some other river. So, another location for the village of Brod is left to be sought and the river that flows through the area of the village Brod is left to be identified.

To address this issue, we used the three volumes of Turkish documents for 1467/8; 1458/9 and 1546/7. To our great surprise, in the three volumes of documents, there is a Dervendji village named Brod, but in the Skopje vilaet. Sokolovski, who translated these documents, identified the village of Brodec with the village of Brodec on Skopska Crna Gora. However, in the census of the villages for 1568/9, the village of Vrbica is recorded - the village of Vrbica is displaced, now the fields are being cultivated by the inhabitants of the villages of Tearce, Otušište, Pršovce, Podbregje, and Brodec. Brodec and Podbregje were close and neighboring villages of Vrbica, and shared атар land borders. On the other hand, the Turkish documents do not mention a village named Jeunovce. There is no neighboring village to Podbregje except today's Jegunovce, which in this case is in the same place where Brod was.

In addition to this, there are data regarding the inhabitants of the village Brodec stating that they were dervishes, which is confirmed by the gorge of the river Vardar, Derven which is near to Brodec ie Jegunovce. It should also be noted that the river Vardar flows not far from the south and southeast part of Brod. The river Bistrica flows into Vardar, which flows through the

area and the village of Jegunovce, or Brod. The Bistrica River is the third largest river in Polog after Vardar and Tetovo River Pena.

Thus it can be reliably verified that the Bistrica River (today Tearečka Bistrica) is actually the nameless river mentioned in the Htetovo `gramot`, which did not allow water mills, cuts and fishing. To avoid confusion, there is a toponym of a watermill on the river, and no remnants or fossil traces of the mill have been preserved. Probably the watermill was in the Turkish period and for some reason stopped working, then it was destroyed and the ground cleared.

In the Middle Ages, the period of the origin of the Htetovo `gramot`, there was a medieval road going through Polog which at the time represented a highway Skopje-Drach. The road through the Dervenska Gorge was then and still is on the left side of the Vardar River, as the Vardar riverbed with the right bank is in contact with the slopes of Mount Žeden.

Leaving the gorge, the road passed between the villages of Nerašte and Brod. At the village of Brod, the road passed through its northeast and north sides, then passed through the nameless river Bistrica to continue to the village of Podbregje and further along Polog. In this case, the road did not pass through Vardar but through Bistrica where the river had a `brod`-bridge.

During my first exploration of the missing villages of Polog, I believed that the road to the bridge was crossing the Vardar River. The place where the bridge used to be is called Old Bridge (Petruševski, 2009), which is no longer there. Now that I have returned to this research again, I have learned that that bridge served the inhabitants of Jegunovce, walking towards the old abandoned cemetery today. Since the road across the bridge was important to traders and provided by dervishes, the village was named Brod after the bridge over the Bistrica River.

After the records in the Turkish documents of 1567/8, the village is no longer mentioned. It is more than certain that the village was probably completely displaced during the 17th or 18th century. In addition to the displacement is the research by Trifunovski (1949), who noted for the village of Jegunovce that the whole population of Jegunovce are immigrants and there are no indigenous people. Immigrant generations migrated during the 19th and 20th centuries. The first settlers worked on pasha estates. This confirms that the village of Brod has moved, and thus the old name of the village has been forgotten. It is realistic and expected that the settlers will not know the village's past.

Interestingly enough, the tradition of the name is not preserved in the neighboring village of Podbregje. The oldest settler in Jegunovce was from the displaced neighboring village of Pešter (Trifunovski, 1949). The cave was located on the other side of Vardar, at the foot of Mount Žeden. On the other hand, the tradition of displaced neighboring villages of Zlokukjani and Bistrica was preserved in Podbregje. It is definitively established that the village of Brod was, in fact, the site of today's Jegunovce, that is, Jegunovce is located on the site of the medieval village of Brod. The manner and time of appearance of the name of the village of Jegunovce, will be left to further research.

REFERENCES

Gruić R. (1993): Poloshko tetovska eparhija I manastir Leshok GS. 42 XIII Skopje, p 47
Petruševski I. (2009): Ischeznati selski naselbi I sela so promeneti imininja vo Polog, Skopje, p.75
Selishchev A. (1929): Polog I ego Bolgarskoe naselenie. Sofia, p.23

Slaveva L. (1980): Spomenik III Skopje, p. 312
Stankovska Lj. (1997): Makedonska Ojkonimija, book 2, Skopje, p.25
Škrivanić G. (1974): Putevi u srednjovekovnoj Srbiji.
Trifunovski J. (1949): Sela koi sega ne postojat vo Polog, g.z.f.f. Skopje, p.47
Trifunovski J. (1976): Polog, Antropografski prouchavanja, Belgrade, p.409
Turski dokumenti za istorijata na makedonskiot narod 452/3. Skopje, 1976, 248; 1467/8 Skopje 1971, 476; 1568/9, Skopje 1984,305

НЕПОЗНАТОТО СЕЛО БРОД ВО ДОЛНИ ПОЛОГ

Илија ПЕТРУШЕВСКИ
дипломиран географ (во пензија)

Самиот збор брод во старословенскиот јазик означувал патен премин преку планински превои или преслап, од едната страна на планината на другата страна, потоа пат кој поминувал со мост преку река. Мостот се нарекувал брод[1]. Таков случај имаме со мостот на реката Вардар кај селото Желино. Тој се споменува во Хтетовската грамота, при подарокот на селото Млачице од „Старога желинског брода“ со ливадите се до влевањето на Хтетовчица- Тетовската река во Велика - Вардар[2]. Ваков случај имаме и со името на Славонски Брод, каде што се наоѓал мостот на реката Сава. И Турците населбите што се наоѓале покрај мостови на реки ги нарекувале Ќупрули – Велес од Ќупрули мост или пак Ќуприја во Србија. Премините преку планински превои го добивале името Брод или Бродец. Доколку на вакви места се најде некое село, тоа по мостот или преминот се нарекувало Брод или во деминатов Бродец.

Во Полог денес постојат две вакви населби кои се наоѓаат високо на Шар Планина. Едната е во тетовскиот, а другата во гостиварскиот предел. Исто така и преминот од Кичевската котлина кон Пореч̌е, односно градчето што се наоѓа таму е наречено Брод – Македонски Брод.

Село со име брод што се наоѓало во Полог се споменува во Душановата Хтетовската грамота од 1343 година, како селиште и во Хилендарската грамота од 1348 година како село Брод. Со правата грамота селото било подарено на Хтетовскиот манастир св.Богородица, а со втората грамота на Хилендарскиот манастир. Содржината за подарокот е следна:

„Се подарува селиштето Брод со реката и ловиштето се до нејзиното влевање во Вардар никој да нема право да прави засеци, да зема вода за вадење, прави воденици, ако тоа не го дозволи црквата или ако го отстапи своето право“[3].

Врз основа на овој запис и записот за селото Млачице, каде се споменува Стар желински брод – мост, Селишчев, безимената река ја нарекува Хтетовчица што се спо-

[1] Љ. Станковска; Македонска ојконимија, книга втора, Скопје, 1997, 25
[2] Л. Селицев, Полог и его Болгарское население. Софија 1929, 23; Л. Славева. Споменик III Скопје, 1980, 312
[3] А. Селишцев с.д93 Л.Славева с.д 312; и денес во Д.Полог се употебуваат засеци и вадење

менува кога се споменува селото Млачице, мислејќи дека е иста река и селиштето Брод се наоѓа тука на реката Хтетовчица[4].

Втората потрага на Брод ја прави Р.Груиќ. тој како и Селишчев, селото Брод го лоцира некаде во близината кај што се влева Пена во Вардар. Меѓутоа, и неговата претпоставка како и на Селишчев не е одржлива и е без доказни факти. Второ, Груиќ прави грешка што реката Хтетовчица – Пена ја нарекува Бистрица[5], име кое никогаш пред тоа не е споменато.

Трифуноски, при обработката на селата во Полог, селото Бродец го поистоветува со селото Брод споменато со Душановата хтетовска грамота, мислејќи дека тоа е едно исто село. Поведувајќи се по Груиќ, тетовската река Пена, ја нарекува Тетовска Бистрица[6].

Лидија Славева и Љ. Станковска се на мислење дека овој Бродец се однесува на Бродец, споменат во Душановата грамота[7]. Лидија Славева не ги прифаќа претпоставките на Селишчев и Груиќ, бидејќи немаат цврсти докази и факти, па дава свое размислување[8] кое се совпаѓа со мислењето на Трифуноски, не само за селото туку го презема и погрешното име за тетовската река Пена нарекувајќи ја Бистрица. Второ, безимената река од грамотата што поминува низ атарот на селото Брод, ја поистоветува со тетовската река Пена. Меѓутоа и овој заклучок на Славева не може да се прифати како точен од неколку причини.

Имено, во Хтетовската грамота стои на реката што тече низ целиот атар на селото Брод не смее да се лови риба, прават воденици и засеци за вадење-наводнување. Поаѓајќи од ова, Тетовската река –Пена од с.Бродец, па до нејзиното влевање во Вардар, поминува низ неколку селски атари па и градот Тетово, па ова село не може да се поистоветува со средновековното село Брод.

Второ, реката со своето корито може да се подели на горен и долен тек. Горниот тек кој започнува високо на Шар Планина, па се до Тетово, реката со своето корито длабоко е всечена во падината на Шар Планина. Просторот на овој дел е планински, со шуми и ливади кои немаат потреба за наводнување и правење на засеци. Долниот тек започнува од Тетово и се протега се до нејзиното влевање во Вардар. На овој дел просторот е со ниви и ливади кои имаат потреба за наводнување, а реката на овој дел располага со големо количество на вода. Записот што е во грамотата – да е забрането ловење на риба и правење на засеци и воденици во случајов се однесува на некоја друга непозната река. Во поткрепа на ова, ни е Тетовската река Пена кај што се влева во Вардар е во атарите на селата Фалише и Сараќино, а не во атарот на селото Брод.

Трето, кога се споменува селото Лесковјани, се споменува и тетовска бразда – поток со вода која се земала од Тетовската река, а во грамотата стои никој не смее да прави засеци и зема вода. Сега пак гледаме дека забраната не се однесува на Тетовската река Пена.

[4] А. Селишчев с.д. 93; Словево с.д. 312

[5] Р. Груиќ, Полошко тетовска епархија и манастир Лешок.ГС. 42 XIII. Скопје 1933, 47

[6] Ј. Трифуноски. Полог, Антропографски проучавања. Београд 1976, 409

[7] Љ.Љ. Станковска. Македонска ојмонимија. Книга втора, Скопје 1997,27

[8] Л. Славева. с.д. 312

Врз основа на изнесеното, се констатира дека, спомената река во грамотата не се однесува на Тетовската река, туку на некоја друга. Така што, преостанува да се бара друга локација за селото Брод и која е таа река што тече низ атарот на селото Брод.

За решавање на ова прашање, се послуживме со трите тома Турски документи[9] за 1467/8; 1458/9 и 1546/7 година. Во трите тома на документи, на наше големо изненадување, регистрирано е едно дервенџиско село со име Брод, но во скопскиот вилает. М.Соколовски кој ги преведувал овие документи, дервенџиското село Брод го поистоветувал со селото Бродец на Скопска Црна Гора. Меѓутоа, во пописот на селата за 1568/9 година, за селото Врбица е забележано – селото Врбица е раселено, сега нивите ги обработуваат жителите на селата Теарце, Отушиште, Пршовце, Подбреѓе и Бродец. Бродец и Подбреѓе биле блиски и соседни села на Врбица, имале и заеднички атарски граници на нивите. Од друга страна во Турските документи село со име Јеуновце не се споменува. Друго соседно село до Подбреѓе нема освен денешното Јегуновце, кое во случајов се наоѓа на истото место кај што бил Брод.

Во прилог на ова се податоците за жителите на селото Бродец дека биле дервенџии што се потврдува со клисурата на реката Вардар, Дервен која е непосредно до Бродец односно Јегуновце.

Да напомене и тоа дека недалеку од јужната и југоисточната страна на Брод, тече реката Вардар. Тука во Вардар се влева реката Бистрица која тече низ атарот и селото Јегуновце, односно Брод. Реката Бистрица по својата големина е трета река во Полог по Вардар и тетовската река Пена.

Така со сигурност може да се потврди дека реката Бистрица (денес Теаречка Бистрица) е фактички безимената река што се споменува во Хтетовската грамота, на која не смеело да се прават воденици, засеци за вадење и ловење риба. За да не дојде до забуна, на реката има топоним воденица, а остатоци или фосилни траги од воденица нема сочувано. Веројатно воденицата била во турскиот период и од некои причини престанала да работи, а потоа е разурната и теренот расчистен.

Во средниот век од кога потекнува Хтетовската грамота, низ Полог поминувал средновековниот пат кој за времето претставувал магистрален пат Скопје-Драч[10]. Патот низ Дервенската Клисура тогаш па и денес се наоѓал од левата страна на реката Вардар, бидејќи коритото на Вардар со десниот брег е во допир со падините на планината Жеден. Патот напуштајќи ја клисурата, поминувал меѓу селата Нераште и Брод. Кај селото Брод, патот поминувал од неговата североисточна и северна страна, потоа поминувал преку безимената река односно Бистрица, за да продолжи кон селото Подбреѓе и понатака низ Полог. Во случајов, патот не поминувал преку Вардар туку преку Бистрица на која река имало брод-мост.

При моето прво истражување за исчезнатите села во Полог, бев на мислење дека патот со мостот поминувал преку реката Вардар. Местото кај што бил мостот се вика Стар Мост[11] кој веќе го нема. Сега кога повторно се навратив на ова истражување, доз-

[9] Турски документи за историјата на македонскиот 452/3.Скопје, 1976, 248; 1467/8 Скопје 1971, 476; 1568/9, Скопје 1984,305

[10] П. Шкриваниќ, Путеви у средновековној Србији.

[11] И. Петрушевски, Исчезнати селски населби и села со променети имиња во Полог. Скопје 2009, 75

нав дека тој мост служел за жителите на Јегуновце, за одење кон старите денес напуштени гробишта. Бидејќи патот преку бродот-мостот, бил важен за трговците и обезбедуван од дервенџии, селото го добило името Брод по мостот на реката Бистрица.

По записите во турските документи од 1567/8 година, селото повеќе не се споменува. Повеќе од сигурно е дека селото било целосно раселено веројатно во текот на 17-ти или 18-ти век. Во прилог на раселувањето е истражувањето на Ј.Трифуноски, кој за селото Јегуновце забележал дека сите родови во Јегуновце се доселени и нема староседелци. Доселените родови се доселиле во текот на 19 и 20 век. Првите доселеници работеле на пашините имоти[12]. Со ова се потврдува дека селото Брод се раселило, а со тоа и старото име на селото е заборавено. Реално и очекувано е на доселените жители да не им е познато минатото на селото.

Интерено е тоа, како не е сочувано предание за името во соседното село Подбреѓе. Најстариот пак доселеник во Јегуновце, бил од раселеното соседно село Пештер[13]. Пештер се наоѓало од другата страна на Вардар, во подножјето на планината Жеден. Од друга страна пак, во Подбреѓе било сочувано преданието за раселените соседни села Злокуќани[14] и Бистрица[15].

Дефинитивно се констатира дека селото Брод всушност се наоѓало на местото на денешно Јегуновце, односно Јегуновце се наоѓа на локалитетот на средновековното село Брод.

Како и кога се појавило името на селото Јегуновце, ќе биде следното истражување.

ЛИТЕРАТУРА

Груиќ Р. (1933): Полошко тетовска епархија и манастир Лешок.ГС. 42 XIII. Скопје
Петрушевски И. (2009): Исчезнати селски населби и села со променети имиња во Полог, Скопје
Станковска Љ. (1997): Македонска ојконимија, книга втора, Скопје
Селишчев А. (1929): Полог и его Болгарское население. Софија
Славева Л. (1980): Споменик III Скопје
Трифуноски Ј. (1949): Села кои сега не постојат во Полог, г.з.ф.ф. Скопје
Трифуноски Ј. (1976): Полог, Антропографски проучавања. Београд
Турски документи за историјата на македонскиот 452/3.Скопје, 1976, 248; 1467/8 Скопје 1971, 476; 1568/9, Скопје 1984,305
Шкриваниќ П. (1974): Путеви у средновековној Србији.

[12] Ј. Тригуноски 462-464
[13] Ј. Трифуноски. Села кои сега не постојат во Полог г.з.ф.ф. Скопје, 1949.47.
[14] Ј. Трифуноски с.д. 45-46
[15] И. Петрушевски с.д.45